Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-461/4

20-09-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-461 од 15.8.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] од Струга, за сторена дискримнација врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.9.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на [redacted] врз ЛГБТИ+ заедницата.

## Образложение

На 15.8.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] од Скопје против [redacted] од Струга, за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во претставката се наведува дека [redacted] преку нејзиниот јавен профил на социјалната мрежа Facebook, искористувајќи ист траен однос и исти прилики, на повеќе наврати сторила вознемирување. Во овој контекст, нагласено е дека потенцијалната дискриминаторка сериозно го повредува достоинството и создава непријателска и застрашувачка средина за ЛГБТИ лицата.

Имено, подносителката наведува дека предмет на претставката се две објави на социјалната мрежа Facebook, објавени од страна на [redacted]. Во една од нив, дел од текстуалната содржина гласи:
*„Научните студии покажуваат дека насилството помеѓу интимните партнери припадници на ЛГБТИ+ заедницата е далеку позастапено отколку насилството помеѓу интимните хетеро партнери. Зошто оние кои го користат слоганот „љубов си е љубов“ на дело покажуваат нешто спротивно од тоа што вербално го тврдат, останува повторно научниците да ни откријат во нивните студии“.*

Во врска со ова, подносителката заклучува дека потенцијалната дискриминаторка ја сведува хомосексуалноста само како поим на сексуални односи помеѓу две лица од ист пол, што смета дека претставува дискриминација на хомосексуалноста.

Во однос на другата објава, пак, подносителката истакнува дека со објавата се пропагира став дека „парадите на гордоста" се непристојни во општеството и дека предизвикуваат реакции кај одредени кругови. Текстот на објавата гласи:

*„Уште еден #SkopjePride финансиран со државни пари, кои што ги немавме за Кико!!!*
*Гласни и горди!!!*
*Јованка Тренчевска*
*Влада на Република Северна Македонија*
*Криминалот има име и презиме".*

Подносителката смета дека овие две објави можат да доведат до стекнување или зацврстување на хомофобични и трансфобични ставови, кои пак можат да резултираат со насилство мотивирано од омраза. Во овој контекст, се повикува на случаи од Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), каде вели дека е утврдено дека описите на хомосексуалноста како девијантна сексуална склоност која морално го уништува општественото ткиво претставува говор кој треба да се ограничи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 15.8.2023 година испрати Известување бр. 08-461/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted].

На ден 25.8.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на [redacted] како одговор на претставката.

Во одговорот, таа првенствено истакнува дека претставката е конфузна и неразбирлива, изобилува со појаснувања, цитирања на законски одредби и цитати од пресуди на ЕСЧП, но во ниту еден дел не е јасно и конкретно наведено со кое дејство и со што е направена дискриминација. Исто така, вели дека подносителката се ставила во одбрана на родовата идеологија и цитира нешто кое таа го нема кажано, со што всушност изнела клевета.

Во врска со предметните објави, вели дека на својот Facebook профил на ден 8.8.2023 година преземала, односно споделила текстови позади кои стојат релевантни извори и смета дека во истите статии нема ништо спорно, бидејќи станува збор за наведени научни докази, кои не можат да бидат дискриминација. Дополнително, наведува дека дел од тие научни студии се изработени од ЛГБТИ+ активисти и поддржувачи. Како доказ, во прилог наведува линк поврзан со објавата, во која вели дека постојат мноштво линкови до научни студии и статии објавени од светски медиуми, кои ги изнесуваат истите факти.

Во овој контекст наведува дека споделувањето на информации со релевантни извори и докази не треба да претставува дискриминација. Доколку, сепак, подносителката смета дека текстовите се дискриминирачки, [redacted] вели дека претставката треба да е поднесена

против Коалицијата за заштита на децата, односно до медиумот BBC (БиБиСи) и сите оние кои ги изработиле научните студии.

Во однос на втората објава, истакнува дека видливо стои името на министерката за труд и социјална политика и дека текстот е насочен како критика на државните органи, односно е насочен кон носител на јавна функција, а не кон ЛГБТИ+ заедницата.

Последно, вели дека објавените текстови се во рамки на границата поставена со член 10 од Европската конвенција за човекови права, кој претставува еден од суштинските темели на едно демократско општество. Во оваа насока, напоменува дека членот 10, заедно со исклучоците од став 2, е применлив не само за информации или идеи кои се поволно примени или се сметаат за ненавредливи, туку и за оние кои навредуваат, шокираат или вознемируваат, бидејќи тоа го бараат плурализмот, толеранцијата и слободоумноста, без кои нема демократско општество. Следствено на ова, смета дека исклучоците од став 2 во пракса треба тесно да се толкуваат, а неопходноста од какви било ограничувања на слободата на изразување да биде убедливо воспоставена.

Согласно **член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Имено, во првата објава, [redacted] споделила научна студија за насилство помеѓу интимни партнери и ја искажала својата перцепција во врска со наодите на студијата. Во втората објава, пак, упатила критика кон министерката за труд и социјална политика, а во контекст на овогодинешната Парада на гордоста во Скопје. Преку ова, таа не ја пречекорила границата на слободата на изразување, на начин како што е пропишана во член 16 од Уставот на Република Северна Македонија и член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права (ЕКЧП).

Поконкретно, **член 16 од Уставот на РСМ** предвидува:
„Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.
Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.
Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.
[...]".

Дополнително на ова, **член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права** гласи:
„ 1. Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите [...]

2. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството".

Во контекст на вака цитираните одредби, Комисијата го зема предвид фактот дека [redacted] има право да ги искаже своите ставови и мислења, согласно слободата на изразување која секој човек ја ужива, притоа еднакво ценејќи ги и околностите во кои истата може да се ограничи. Сепак, во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е преминатата границата на слободата на изразување. Оттука, не станува збор за говор чие ограничување, согласно исклучоците од слободата на изразување пропишани во став 2 од членот 10 од ЕКЧП, би служело на легитимната цел да се заштитат угледот и правата на други.

Врз основа на погоре изнесеното, земајќи ги предвид наводите од претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење и не утврди дека во конкретниот случај е сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација, во контекст на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од страна на [redacted] врз ЛГБТИ+ заедницата.

Скопје
20.9.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- 